# ‚Дали сакате да ве известам за најголемите гревови?

Од Ебу Бекрех, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: „Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кажал: ‚Дали сакате да ве известам за најголемите гревови?‘ – го повтори ова трипати. Тие (асхабите) рекоа: ‚Секако, о Аллахов Пратенику.‘ Рече: ‚Да сметаме некого рамен на Аллах (ширк) и непочитувањето на родителите.‘ Потоа седна, а пред тоа беше потпрен, и додаде: ‚И лажниот говор.‘ Продолжи да го повторува ова толку многу пати што рековме: Би сакале да престане.‘“
[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ги известил неговите асхаби за најголемите гревови и ги спомнал овие три: 1. ‚Придружувањето на рамен на Аллах (ширк)‘: Ова подразбира насочување на кој било вид ибадет кон некого друг освен Аллах, и изедначувањето на некого со Аллах во Неговиот Улухијјет (божественост), Рубубијјет (господарство), и во Неговите имиња и својства. 2. ‚Непочитување на родителите‘: Тука се подразбира секоја форма на нанесување штета на родителите, било преку зборови или дела, како и преку запоставување на добрината и грижата за нив. 3. ‚Лажен говор‘: Од овој вид е и лажното сведоштво; Тоа е секој изопачен и невистинит збор што има за цел да му нанесе штета на оној кој е цел на таквото дејство – било преку одземање на неговиот имот, повредување на неговата чест или нешто слично. Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, повеќепати предупредувал за опасностите од лажниот говор, истакнувајќи ја нивната одвратност и штетните последици врз општеството. Толку го повторувал ова, што асхабите рекле: „Посакуваме да престане.“; чувствувајќи жал за него и не сакајќи тој да се вознемирува.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee